РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1330/15
11-04-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно член 33, член 22 став (1) и став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 51 - 54 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, а во врска со член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија", број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17,125/17,35/18, 99/18,140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија", број 98/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24 и 76/24), на 2 - та седница одржана на ден 10.04.2024 година, во присуство на подносителот на приговорот – ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА - ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА - ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА, КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ", учесник во изборна кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, со седиште на ул. „Орце Николов"бр. 86А, Скопје, и во присуство на одговорно лице и овластен претставник на јавната институција против којашто е поднесен приговорот – уредно повикан, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1) Приговорот на организаторот/учесник на изборна кампања, заведен под архивски број **12-1330/1 од 05.04.2024** година, поднесен врз основа на член 33 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на и интереси, против Академијата за судии и јавни обвинители, а поради повреда на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, затоа што по распишување на Претседателските избори 2024 година, со Решение за распишување на Претседателските избори 2024 година број 09 – 1168/1 од 14.02.2024 година, продолжена е постапка за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со Академијата за судии и јавни обвинители, **СЕ УСВОЈУВА**.

2) Оваа одлука стапува на сила со денот на донесувањето.

3) Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата по овој приговор ќе се објави на нејзината веб страница во рок од 24 часа, а истата ќе се достави до подносителот на приговорот и до јавната институција против којашто е поднесен приговорот.

## Образложение

На ден 05.04.2024 година, до Државната комисија за спречување на корупцијата е доставен Приговор заведен со архивски број 12-1330/1 од 05.04.2024 година.

Приговорот е поднесен од организаторот на изборна кампања „ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА - ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА - ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА, КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ“, учесник во изборна кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, застапувана од овластено лице Владимир Нелоски.

Приговорот е поднесен врз основа на член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (Службен весник на Република Македонија, бр. 12/19), а поради *„забрането постапување и прекршување на член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 и членот 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик.*

Во Приговорот се нотирани наводи за сомневање на сторени неправилности и прекршувања на Законот од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, во постапувањето во делот на продолжување на постапката за вработување и прием на слушатели во текот на изборниот процес и склучување на договор за вработување.

На состанок на колегиум одржан на ден 05.04.2024 година, кон овој предмет е споен и предметот со исти/слични наводи заведен под број 12-1196/1 од 21.03.2024 година, оформен по доставена пријава против Академијата за судии и јавни обвинители за непочитување на забраните утврдени во членовите 34 и 35 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, поради продолжена постапка за вработување во Академијата за судии и јавни обвинители на кандидати која била отпочната по јавно објавен оглас за прием на 130 слушатели со што било сторено кршење на императивна забрана во изборен процес во постапката за полагање на квалификационен тест. На истиот колегиум донесен е заклучок дека предметот оформен по доставениот приговор со број 12-1330/1 од 05.04.2024 година да се распредели во работа на Претседателот на ДКСК и службеното лице/административен службеник кои веќе постапуваат по предметот со број 12-1196/1 од 2024 година а кој им бил распределен во работа преку електронската распределба во електронскиот деловодник (ДМС). За предметите Државната комисија за спречување на корупцијата ќе постапува и одлучува во единствена постапка во предметот со број 12-1330/1 од 05.04.2024 година.

На ден 08.04.2024 година, во Архивата на Државната комисија доставени се барања за иземање од работа по предмет бр. 12-1330/1 од 05.04.2024 година, поднесени лично од

членовите на Државната комисија Софија Спасова Медарска и Зоран Богоевски. Овие барања се поднесени поради постоење околности за судир на интереси/потенцијален судир на интереси.

На состанок на колегиум одржан на ден 08.04.2024 година, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 75 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" бр. 12/2019), постапувајќи по барањата за изземање донесе Одлука за изземање со која им ги уважи барањата за изземање од работа по предмет бр. 12-1330/1 од 05.04.2024 година, поднесени од Софија Спасова Медарска и Зоран Богоевски, членови на Државната комсија и со која овие лица се изземаа од натамошно постапување/одлучување по предметот од областа на корупцијата со бр. 12-1330/1 од 05.04.2024 година.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно член 33 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, отвори постапка за утврдување на фактичката состојба по овој поднесен приговор.

Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи согласно член 33 став 3 од од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во рок од 24 часа од приемот на приговорот, приговорот со прилог доставената документација од подносителот го достави до институцијата против која е поднесен приговорот, Академијата за судии и јавни обвинители, со писмено Известување Достава на приговор и известување број 12-1330/2 од 05.04.2024 година, со укажување дека по наводите од приговорот може да се изјасни во рок од 3 дена од денот на приемот на известувањето, односно најдоцна до 08.04.2024 година (понеделник) со достава на писмено изјасување во Архивата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во врска со сите наводи од приговорот, поткрепено со соодветна документација. Исто така со цел доследно почитување на законските рокови на постапување по приговорот, во доставеното известување е упатено на потребата писмено да се извести ДКСК доколку нема да се користи правото на изјаснување по предметниот приговор најдоцна до законски утврдениот рок 08.04.2024 година.

Исто така, согласно член 33 став 4 и 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, институцијата против која е поднесен приговорот е известена дека Државната комисија за спречување на корупцијата наводите од предметниот приговор ќе ги испита и ќе постапи по истиот на јавна седница закажана за ден 10.04.2024 година (среда) во 12:00 часот и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува на оваа јавна седница.

Во насока на проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по поднесениот приговор, заедно со Дописот за доставениот приговор и известување број 12-1330/2 од 05.04.2024 година се достави и допис Барање на податоци и информации број 12-1330/3 од 05.04.2024 година, со кој се побара целокупната потребна докуемнтација и тоа:

- Јавен оглас за прием на во почетна обука во АСЈО;
- Записник и Одлуки од седницата на Управниот одбор на АСЈО, со кои се утврдува продолжувањето на приемниот испит по јавниот оглас;
- Записник и Одлуки од седницата на Приемната комисија, каде е утврдена временската динамика за спроведување на приемниот испит за предметниот оглас;
- Информација по однос на тоа во која фаза во моментот се наоѓа постапката по објавениот оглас, како и кои се идните планирани дејствија и активности на АСЈО по однос на истиот оглас;
- Бараната документација беше наведено дека е потребно да се достави најдоцна до 08.04.2024 година.

Во врска со поднесениот приговор, а согласно член 33 став 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, на закажаната јавна седница повикан е и подносителот на приговорот и му е укажано на правото преку овластен претставник да присуствува на јавната седница. (со писмено известување број 12-1330/5 од 08.04.2024 одина).

На ден 08.04.2024 година, доставено е писмено изјаснување од страна на Академијата за судии и јавни обвинители во врска со наводите од Приговорот.

Во Приговорот и документацијата прилог на истиот изнесени се наводи кои се однесуваат дека Академијата за судии и јавни обвинители, не ги почитува забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 и членот 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик, поради тоа што во текот на изборната кампања продолжена е постапка за вработување и склучување на договор за вработување на кандидати со Академијата за судии и јавни обвинители, по оглас за прием на 130 слушатели во почетна обука за 2023 и 2024 година.

Во приговорот е наведено и дека, станува збор за постапка во која слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до избор за судија или јавен обвинител, за кој период важат општите прописи за работни односи, здравствено осигурување и Законот за Академија за судии и јавни обвинители. (член 50 став 1). Исто така, е наведено дека почетната обука се одвива во две фази и тоа прва фаза –

теоретска настава во траење од девет месеци и втора фаза – практична настава по институции во согласност со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци.

Исто така, Академијата на ден 29.03.2024 година на нејзината веб страна има објавено Распоред за полагање на квалификацискиот тест во период од 01 до 04 април 2024 година според кој тековно тестот го полагале кандидатите, што според подносителот е факт што јасно укажува дека постапката за засновање на работен однос е започната и истата не е ставена во мирување, а со кое дејствие Академијата ги прекршува членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 и членот 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик.

Наводите од добиеното изјаснување доставени од Академијата за судии и јавни обвинители по наводите на Приговорот, се однесуваат на појаснување на статусот на слушателите и специфичноста на овој работен однос, кој според Академијата за судии и јавни обвинители не претставува класичен работен однос туку платена обука за времетрењето на почетната обука а статусот на слушателите не можел да се поистовети со ниту еден друг статус на редовно вработени лица. Исто така се информира дека основна дејност на Академијата за судии и јавни обвинители е регрутација на слушатели, идни судии и јавни обвинители, а преземените дејства наведени во приговорот биле во насока на редовното работење на Академијата и дека почетната обука се споведувала со цел да не трпат процесите во судството и јавното обвинителство. Во прилог е доставена комплетна доказна документација.

Од гореизнесеното и по извршениот увид во целокупната документација по оформениот предмет, Државната комисија за спречување на корупцијата ја утврди следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај, станува збор за постапка за прием на слушатели во почетна обука, која била започната со Јавен оглас број 02-61/4 од 30.01.2023 година, за прием на 130 слушатели во почетна обука за 2023 и 2024 година, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 19/2023 година.
- Огласот е објавен врз основа на одлука на Управниот одбор на Академијата, донесена на 193-та седница одржана на ден 24.01.2023 година.

Во член 30 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители - Слушатели на почетната обука - е наведено дека „Почетната обука се организира заради стекнување практични и теоретски знаења и вештини, со цел создавање високообучени, самостојни, стручни и ефикасни кандидати, кои поседуваат интегритет и совесност во работењето, за судии и јавни обвинители во основните судови и основните јавни обвинителства како предуслов за почитување на

принципите на владеење на правото и заштитата на човековите права и слободи за создавање квалитет на правда во интерес на граѓаните на Република Северна Македонија."

Член 50 став 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители предвидува: „Со стекнување статусот на слушател на почетната обука во Академијата, слушателот заснова работен однос на определено време со Академијата за периодот на спроведување на почетната обука до избор за судија или јавен обвинител, за кој период важат општите прописи за работни односи, здравствено осигурување и овој закон".

По засновањето на работниот однос, слушателите полагаат испити во Академијата. Член 51 став 2 од Законот за Академија предвидува „Почетната обука за слушателите трае 24 месеци и се одвива во две фази и тоа: - прва фаза - теоретска настава во Академијата во траење од девет месеци и - втора фаза - практична настава во судовите и јавните обвинителства и други институции, во согласност со програмата за почетна обука во траење од 15 месеци".

- По распишувањето на јавниот оглас, следува период на прекин на постапката, поради донесувањето на новиот Закон за Академија за судии и јавни обвинители во месец јуни 2023 година, во кој е предвидена промена во редоследот и начинот на полгање во деловите од приемниот испит. Согласно новиот Закон донесени се подзаконски акти со кои се уредува работењето на Академијата вклучително и за постапката за прием на слушатели.

- Во месец октомври и месец ноември 2023 година е продолжена постапката и се спроведени тест за познавање на странски јазици, психолошки тест и тест за интегритет, како дел од приемниот испит за почетната обука. По ова повторно е прекината постапката за прием на слушатели, заради начинот на полагање на квалификацискиот тест.

-Во месец март 2024 година донесени се измени на Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, а исто така донесена била и Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Академијата, поради усогласување со законските измени.

- Во моментот на донесување на Решението за распишување на Претседателските избори 2024 година (14.02.2024 година), предметната постапка била во фаза на мирување. На седницата одржана на ден 14.03.2024 година, Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, констатира дека се исполнети условите за полагање на квалификацискиот тест со хартиено тестирање, а резултатите од тестирањето да се добијат со електронски читач. По ова, Управниот одбор на Академијата ја задолжи Приемната Комисија да одржи седница и да донесе Временска динамика за спроведување на понатамошниот дел од Приемниот испит. Од

Комисијата е постапено и на ден 18.03.2024 година усвоена е Временската динамика според која се извршило полагањето на квалификацискиот тест во период од 01 до 04 април 2024 година.

- Од страна на Академијата за судии и јавни обвинители на ден 29.03.2024 година на нејзината веб страница е објавен Распоред за полагање на квалификацискиот тест во период од 01 до 04 април 2024 година, како нареден чекор од приемниот испит за почетната обука.
- Полагањето на квалификацискиот тест било спроведено во периодот предвиден со Временската динамика за спроведување на понатамошниот дел од Приемниот испит.

Имајќи ја во предвид утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека со дејствијата преземени од страна на Академијата за судии и јавни обвинители, поврзани со одржување/полагање на квалификационен испит во периодот од 1 до 4 април 2024 година, овозможила продолжување на започнатата предметна постапка која како што е наведено во Законот треба да заврши со стекнување статус на слушател на почетната обука во Академијата, со засновање на работен однос на определено време со Академијата за судии и јавни обвинители и склучување на договор за вработување.
Оттаму, ДКСК смета дека во конкретниот случај не се почитувани забраните утврдени во член 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик каде е уредено дека сите започнати постапки за вработување се ставаат во мирување.
По однос на постапките за вработување одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот законик кои се однесуваат на забрани за постапување во изборен процес, не прават исклучок за ниту една институција или друг орган во постапките дека започнатите постапки за вработување во изборен процес се стават во мирување.
Единствено исклучок од наведеното се само вработувањата во „случаи на итни и неодложни работи“ кои се дефинирани во член 2 став 1 точка 29 од Изборниот Законик согласно кој „Случаи на итни и неодложни работи“ се вработувањата на определно време заради: замена на отсутен работник поради подолго боледување или отсуство, смрт на вработен, изведување сезонски работи за кои однапред е утврден потребниот број на лица и се обезбедени средства со годишните програми, како и вработување на определено време на наставен кадар за непречено одвивање на образовниот процес.
Предметната постапка во Академијата за судии и јавни обвинители не е случај на ваков вид на вработувања.
Што се однесува на започнатите постапки законодавецот упатува на мирување на сите постапки без навлегување на одреден вид на вработување односно исклучок по овој вид на засновaниот работен однос на кандидатите во Академијата за судии и јавни обвинители по завршување на сите фази на огласот за прием во почетна обука во Академија за судии и јавни обвинители ПАВЕЛ ШАТЕВ СКОПЈЕ.

На седницата, постапувајќи согласно член 74 од Изборниот законик, на подносителот на приговорот му се овозможи да го искористи правото усно да се произнесе по наводите од Приговорот. Исто така му се овозможи правото усно да се произнесе и на одговорното лице и овластениот претставник на Академијата за судии и јавни обвинители против која беше поднесен овој Приговор. Двете страни го искористија ова право и дадоа свое усно произнесување/образложение.

Од утврдената фактичка состојба, Државната комисија констатира дека сомневањата за прекршување на одредбите од членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, се основани.
Приговорот поднесен од организаторот на изборна кампања „ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА - ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА - ГОРДАНА СИЉАНОВСКА - ДАВКОВА, КАНДИДАТ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ“, учесник во изборна кампања за Избор на Претседател на Република Северна Македонија 2024 година, застапувана од овластено лице Владимир Нелоски до Државната комисија за спречување на корупцијата, против Академијата за судии и јавни обвинители, за непочитување на одредбите од членот 34 став 1 алинеја 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и членот 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, СЕ УСВОЈУВА.
Државната комисија за спречување на корупцијата ќе постапи согласно член 33 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Правна поука:

**Против Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата е дозволена тужба до Управниот суд во рок од 24 часа од приемот на Одлуката.**

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение

Доставено до :
- Архива
- Подносителот
- Јавната институција против која е поднесен приговорот